РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број: 09-63/6
06.03. 2024 г.
Кичево

| **ООУ „Мурат Лабуништи“ – Лабуништа,Струга** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 18,19 и 20 декември 2023 година |
| **Број на извештај:** | 11 / Југозападен /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Нермина Карагоска |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 2 (две) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Струга |
| **Наставен јазик:** | македонски и албански јазик |
| **Број на ученици:** | 957 |
| **Полова структура на ученици:** | 523 машки 434 женски |
| **Број на наставници:** | 79 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ерсан Демишоски |
| **Директор на училиштето:** | Ајша Реџеп |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 12.13.и 14 .март .2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Лабуништа– општина Струга |
| **Телефон:** | 046/792-059 |
| **Факс:** | 046/792-059 |
| **e-mail:** | ou-muratlabunishti-labunishte-struga@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 2.50(добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласно со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“, број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“, број 86/2006 година).

## Резиме

Согласно Законот за Просветна инспекција, во периодот од18.19 и 20 декември, тим од тројца државни просветни инспектори, спроведоа интегрална евалуација во основното училиште „Мурат Лабуништи“-с.Лабуништа. Инспекторите во текот на тридневната посета извршија посета на наставни часови ,остварија комуникација и соработка со

раководниот тим на училиштето со стручната служба со претставници на училишенит одбор советот на родители и училишен парламент поединечни средби со родители наставен и ненаставен кадар . Училиштето работи согласно со донесената Годишна програма зав. бр. 01-142/1 од 14.08.2023 год. усвоена на седница на ЕЛС – Општина Струга зав. бр. 08-3425/22 од 22. 08. 2023 год.

Воспитно образовната работа во училиштето се остварува според наставни планови и програми за основното образование, одобрени од МОН и БРО и согласно новата концепција за основно образование.

Училиштето наставата ја изведува во две смени во централното училиште во с. Лабуништа и во две подрачни училишта во с. Боровец од I до IX одделение и с.Ташмаруништа во една комбинирана паралелка од I до V одделение. Во училиштето се реализира и настава за деца со пречки во психофизичкиот развој кои наставата ја следат инклузивно со редовната настава.

Училиштето има изработено брошура со цел да бидат информирани родителите за наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Екскурзии не се реализирани последните три учебни години.

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците и систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности

Во изминатите учебни години нема ученици кои ја повториле учебната година. Наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Училиштето нема ученици кои патуваат.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Изборната настава е застапена согласно Наставниот план, а изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети го вршат родителите и учениците по предлог од училиштето со повеќе изборни предмети. Во училиштето се реализираат програми за дополнителна и додатна настава и воннаставни активности.

Во рамките на воспитно образовната дејност училиштето согласно новата концепција за воннаставни активности планира и реализира разновидни воннаставни активности.

Училиштето има учество во училишни ,општински,регионални натпревари за последните две учебни години,по предметите биологија хемија ,географија и математика.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди, со споредбени анализи на постигањата на учениците.

Наставниците имаат подготвени годишни глобални, тематски планирања и оперативни планирања за наставен час за задолжителните и изборните предмети. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за квалитетна и успешна организација и реализација на часот.

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи во наставата. Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери. Во училиштето има интернет конекција. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ во наставата и истата се користи при реализација на наставните програми со различен обем на опфатени часови. Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Реализацијата на наставата во училиштето е добра.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, и се вршат и редовни систематски прегледи .

Дисциплината на учениците во училиштето е добра.

Училиштето располага со соодветни просторни услови за одвивање на наставата и за работа на наставниот кадар. Големината на просториите е соодветна спрема бројот на ученици. Сите просторни капацитети се оптимално искористени од наставниците и учениците. Располага со одреден број на наставни средства и технички помагала.

Училиштето нема пропишани процедури за грижа на ученици со телесни пречки во развојот и нема приспособен пристап во училиштето ходниците и посебен тоалет достапен за нив.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето.

Раководниот орган има професионален однос кон работата, превзема мерки за подобрување на севкупните услови за работа во училиштето. Директорот има поддршка кај наставниците, стручната служба, родителите, учениците и локалната заедница.

---

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, на кои позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување.

Училиштето има склучено договор за осигурување на опремата во училиштето со осигурителна компанија, исто така и за учениците и вработените.

Во училиштето има вработени лица кои поседуваат сертификат за давање прва помош на лица при несреќни случаи.

Во училиштето , како и во ПУ нема организирана исхрана за учениците, учениците храна си носат од дома или купуваат од продавници во близина на училиштето.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училиштето се забранува секаков вид на насилство.

Во централното и подрачните училишта, не е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Училишните објект е осигуран, има 6 противпожарни апарати и 8 хидранти кои се сервисирани и се распределени во централното и подрачните училишта.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи и вакцини за учениците.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, и се вршат и редовни систематски прегледи .

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Училиштето има Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред, со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето. Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, Советување на родители.

Училиштето соработува со локалната самоуправа .Соработката со невладиниот сектор е добра , и со деловната заедница со цел подобрување на условите за работа во училиштето.

Уучилиштето располага со спортска сала.

Библиотечна евиденција се води во книга и електронски.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето.

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива.

Директорот на училиштето е избран од Градоначалникот на Општина Струга со Решение зав. бр.09-3533 од 22.08.2023 год. Директорот во своето работење се потпира на тимската работа. Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго.

Училиштето реализира активности за меѓуетничка интеграција во склоп на самото училиште. Училиштето има Годишна програма зав. бр. 01-142/1 од 14.08.2023 год. усвоена на седница на ЕЛС – Општина Струга зав. бр. 08-3425/22 од 22. 08. 2023 год.

Училиштето има изработено Самоевалуација дел.бр.02-177/2 од 28.06.2022 год.

Училиштето има изготвено Програма за развој (дел.бр.03-198/2 од 18.09.2020 год.) за период од четири години.

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни образовни потреби со Решение број 02-307/1 од 01.11. 2022 година.

Училиштето има регистриран Спортски клуб

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Мурат Лабуништи“-Лабуништа е добра.

## Карактеристики на училиштето

Основното училиште „Мурат Лабуништи” - с.Лабуништа , општина Струга е деветгодишно училиште во кое наставата се изведува на албански и македонски наставен јазик.

Училиштето се наоѓа во централното подрачје на с.Лабуништа во подножјето на планината Јабланица. Основано е од страна на општина Струга. од 1964 година со Решение бр.01-1237/1од 11.12.1964 .како основно училиште„Маршал Тито“ со седиште во село Лабуништа.Со Решение на Министерството за образование и наука бр.09-6361/2од 27.12.2002 година училишетто е верифицирано за дејноста основно образование. Со Одлука на Советот на општина Струга бр.07-1787/9од 29.04.2008 добиена е согласност на Предлог Одлуката на Училишниот одбор бр.02-93/2 од 18.03.2008 година за промена на името во ОУ „Мурат Лабуништи“-с.Лабуништ .

ООУ „Мурат Лабуништи “ го сочинуваат централното училиште во село Лабуништа и подрачните училишта во село Боровец и село Ташмаруништа.Централното училиште е деветгодишно основно училиште и ги опфаќа законските обврзници од село Лабуништа.Во учебната 2023/2024 година настава посетуваат 957 ученици распоредени во 63 паралелки.Наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик . На албански наставен јазик настава посетуваат 639 ученици организирани во 40 паралелки , а на македонски наставен јазик настава посетуваат 315 ученици организирани во 23 паралелки.Централнот училиште работи во две смени.

Подрачното училиште во село Боровец е деветгодишно основно училиште Во учебната 2023/2024 година во училиштето настава посетуваат 65 ученици организирани во девет паралелки .Наставата се изведува во две смени на макеонски наставен јазик.Во подрачното училиште во село Ташмаруништанастава од прво до петто одделение

посетуваат 5 ученици организирани во една комбинирана паралелка.Просторните услови со кои располага училиштето ги задоволуваат потребите за изведување на настава.

Статутот на училиштето е изготвен и заверен под .бр. 01-355/1 од 20.12.2019 година доставен до основачот и до Министерството за образование и наука и добиена е согласност односно Решение зав. под бр.18-725 од 20.06.2020 година..

Во училиштето вработени се вкупно 101 лице од кои 79 наставници, 6 стручни соработници(педагог,психолог,дефектолог) воспитувач,администратор директор, заменик директор, 12 помошен технички персонал . Од наставниц/ите , 67 се на неопределено работно време и 15 на определено работно време. 74 со високо образование, 4 со вишо образование и 1 несоодветен наставен кадар согласно нормативот за наставен кадар.

Училиштето располага со:40 училници, 3 опремени кабинети ,училишна библиотека, спортска сала, работилница,лабараторија и 10 други простории.

.

# 1. Наставни планови и програми

## 1. 1 Реализацијата на наставните планови и програми

ООУ„Мурат Лабуништи“ –с.Лабуништа Струга е општинско деветгодишно основно училиште во кое наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик.

Се реализираат наставни планови согласно новата концепција за основно образование по математика и природни науки по Кембриџ програми и останатите наставни планови и програми изготвени од Бирото за развоја на образованието а донесени од министер, програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности , во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика, односно согласно календарот за работа на основните училишта во учебната 2023-2024 година. Раководниот тим и стручните соработници ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата. Училиштето има формирано инклузивен тим и истиот има изработено програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето има програма за работа со талентирани ученици, реализацијата на истата не е на задоволително ниво.

Наставниците во одделенска настава изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование, предметните наставници од природната група на предмети изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите на почетокот на учебната година, со цел тие да бидат информирани за наставните планови и програми и другите активности на училиштето. Исто така за остварувањето на одделни цели од годишната програма за работа на училиштето, родителите се информираат и преку родителските групни и индивидуални средби.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Изборот на наставни предмети за учениците од четврто до деветто одделение се врши од листа на предмети кои училиштето ги избира од листата во наставниот план почитувајќи ги насоките од БРО.

## 1. 2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања , како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Исто така за учениците од I и V одделение се изработува Годишни планирања , неделно планирање и сценарио за наставен час. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

Наставниците континуирано ги евидентираат реализираните обуки во педагошките картони. Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива до предлагачите за изменување и дополнување на истите.

## 1. 3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности: натпревари, екскурзии, секциии слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Секциите се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми. Покрај тоа се вложуваат посебни напори да се создадат соодветни просторни, организациски и други услови за што поквалитетно изведување на овие активности. Училиштето води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално државно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех.

Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за развој и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Поголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој. Училиштето има формирано тим за МИО. Активностите за МИО се реализираат преку програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови и се интегрирани во разни наставни содржини. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, но немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Препораката на наставникот е клучна во планирањето на содржината на работата.

Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето реализира активности за меѓуетничка интеграција во склоп на самото училиште.

Во училиштето има регистрирано Спортски клуб.

## 2. Постигања на учениците

### 2. 1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки и наставни предмети.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува за учебната 2020/2021 година 3,98; за учебната 2021/2022 година 3,88 и за учебната 2022/2023 година 3,61. Изготвените анализи покажуваат дека бројот на изостаноци за последните три години изнесува за учебната 2020/2021 година 403; за учебната 2021/2022 година 3046 и за учебната 2022/2023 година 6286. Училиштето има учество во училишни ,општински,регионални натпревари за последните две учебни години,по предметите биологија хемија ,географија и математика. Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на училишно, општинско, регионално државно ниво. Во учебната 2023/2023 година се учествувало на општинско, регионално ниво и освоени се второ и трето место место, На државен натпревар по предметот биологија освоено е трето место. Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се забележува дека во последните неколку учебни години има мали осцилации на средниот успех на учениците на ниво на училиште. Во училиштето се посветува внимание на рамноправниот третман на сите ученици во однос на нивните постигања.

Сите ученици имаат еднакви можности за напредок.

### 2. 2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот. Се превземаат активности за да се опфатат сите ученици и соработува со локалната самоуправа.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Бројот на учениците кои се осипуваат е мал. Најголем број од учениците се осипуваат поради премин во друго основно училиште и заминување во странство. Систематски се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција согласно законските прописи.

### 2. 3 Повторување на ученици

Во изминатите учебни години нема ученици кои ја повториле учебната година. За учениците кои го завршуваат основното образование, училиштето располага со податоци за запишани ученици во средно образование. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

## 3. Учење и настава

## 3. 1 Планирања на наставниците

Во годишната програма на директорот планирани се активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Стручната служба води евиденција за следење на планирањата на наставниците и истите се следат при нивното доставување. Најголем број од наставниците планирањата ги имаат изготвено и во електронска форма. Планирањата на наставниците од прво петто одделение се во согласност со насоките добиени од БРО за планирање на наставата согласно Новата Концепција за основно образование. Планирањата на поголем број наставници ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Истите имаат определени цели, форми, методи, очекувани резултати, начини на примена на ИКТ и др. Наставниците годишните и тематските планирања ги изготвуваат во рамките на стручните активи, поедини наставници индивидуално и во соработка со наставници од другите училишта.Освен за редовната настава поголем број од наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, слободни ученички активности,. За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим. Училиштето изработува распоред за настава, а за учениците од прво второ до петто одделение распоредот е вграден во неделното планирање.

## 3.2 Наставен процес

Наставата во училиштето се реализира во класични училници и во кабинети

Изборот на задачите и активностите кои им се задаваат на учениците од поголемиот број наставници се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Постои интеракција со учениците која води кон постигнување на наставните цели. Наставниот кадар користи разновидни наставни форми и методи, вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата, кои во поголем дел соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка. Наставниците во најголем дел успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка. Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата во голем дел е активно, динамично и има работна атмосфера. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.

## 3. 3 Искуства на учениците од учењето

Учениците ги доживуваат училниците, кабинетите и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето каде можат да бидат видени од другите ученици, како на пример: на соодветни паноа во ходникот, по повод патронататот и слично. Притоа се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде се изложени, на целта на изложувањето и на естетиката. Трудовите на учениците редовно се менуваат согласно со целите на наставата и учењето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часовите, интересот на одредени ученици во одредени области и слично. Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области, се вршат консултации во врска со наставниот процес, разговори за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа и слично. Наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето во училиштето е континуирано. Оценувањето на наставниците се следи од страна на директорот и стручната служба во училиштето. Со стандардите за оценување се запознати учениците и поголем број од родителите. Напредокот на учениците континуирано го следат наставниците и користат повеќе методи, форми и сопствени белешки за оценување. Учениците од прво до трето одделение описно се оценуваат. За овие одделенија наставниците водат ученички портфолија, евидентни листови и слично, каде континуирано ги бележат ученичките активности, способности, однесувања и постигања. Оценувањето на учениците е јавно од страна на наставниците. Наставниците понекогаш дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата, но не им даваат редовно повратна информација.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Во училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истиот доследно се применува. Редовно се известуваат родителите за напредокот на нивните деца преку е-дневникот, родителските и индивидуалните средби, приемните денови и усна и писмена комуникација. За својот напредок учениците добиваат известувања од одделенските раководители и предметни наставници и тоа преку усни и писмени известувања. На крајот на секој класификационен период родителите добиваат евидентни листови за постигнувањата на учениците. Наставниците подготвуваат пишани извештаи за родителите на учениците со послаби постигнувања и со проблематично однесување.

## 4. Поддршка на учениците

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за учениците. Училиштето поседува 8 противпожарни апарати 6 хидранти истите се сервисирани. Училишниот двор во централното училиште е ограден од сите страни. Во подрачните училишта дворовите не се оградени.

Децата и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои се сметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на одделенски часови и едукативни работилници, прирачници и брошури.

Во соработка со МВР општина Струга училиштето води успешна политика за превенција од дрога, алкохол и пушење (предавања, работилници). Нема појави на внесување и користење на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците.

Нема ученици кои користат превоз поради оддалеченоста од училиштето.

## 4. 2 Здравје

Во централното и во подрачните училишни згради хигиената е добра.

Училиштето прави напори за правилно одржување на личната хигиена кај учениците и одржување на хигиената во училишните објекти и има обезбедено дезинфекциони средства, сапуни. Во училишниот двор има корпи за отпадоци и клупи за одмор на учениците.

Учениците редовно ги примаат потребните вакцини. Во централното и подрачните училишта, не е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи).

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи , за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Тоалетите за вработените и учениците имаат ознаки и се снабдени со средства за лична хигиена.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности и има план и програма за професионална ориентација на учениците.

Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на државните воспитно-образовни институции од Струга и приватниот колеџ Јахја Кемал - Струга.

Во училиштето се врши професионално насочување и на учениците со потешкотии во учењето во соработка со стручните соработници во училиштето.

Учениците со потешкотии во учењето се добро интегрирани во училишната средина, имаат контакти и заеднички активности со останатите ученици. Во училиштето постојат процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми и има редовна соработка со релевантните институции како што се: здравствените установи, центарот за социјална работа, полиција и др.

## 4. 4 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во е дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик. Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

## Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и учениците и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.Раководниот орган и стручната служба имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето.

Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законо т за јавни службеници. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и награди и педагошки мерки.

Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго. Постои професионален однос помеѓу вработените, особено на ниво на активи, одделенија и училиште. Раководниот, стручниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на професионалниот однос помеѓу сите структури.

Професионалниот однос помеѓу вработените има одраз и во однесувањето на учениците, кои без разлика на пол, возраст, социјалниот статус и постигањата, во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени од сите вработени.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека во последните три учебни години учениците се оценети со Примерно поведение.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето. Во училиштето, формиран е Ученички парламент, кој има Годишна програма за работа.

### 5. 2 Промовирање на постигањата

Стручната служба прибира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето.Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците и во ходниците.

### 5. 3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивното нарушување во практиката. Училиштето ги запознава учениците со нивните права. Се преземаат активности за запознавање и на родителите со правата на децата.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Најголемиот број на вработени подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите во редовната настава и воннаставните активности.

Стручната служба на училиштето во контактите со претставниците на ученичкиот парламент се информира за еднаквиот третман на учениците независно од нивната полова и социјална припадност.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната заедница и деловната заедница

Училиштето има стратегија и реализира бројни активности за поттикнување на родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.

Училиштето користи бројни ефективни методи за комуникација со родителите преку: родителски средби (општи и на ниво на паралелката); состаноци со родители по групи; индивидуални родителски средби; писмено или усно (телефонски/интернет), соработка на релација стручна служба -семејство и советување на родителите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст.

Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката.

# 6. Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната работа во ОУ „Мурат Лабуништи“- с.Лабуништа се реализира во три објекти од цврста градба и тоа: во централното училиште во с. Лабуништа од I – IX одд. и во две подрачни училишта во с.Боровец од I – IX одд. и во с.Ташмаруништа од I - V одделение.

Во централното и во ПУ во с.Боровец наставата се одвива во две додека во ПУ во с.Ташмаруништа во една смена.

Наставата посетуваат вкупно 957 ученици од организирани во 63 паралелки.Наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик . На албански наставен јазик настава посетуваат 639 ученици организирани во 40 паралелки , на македонски наставен јазик настава посетуваат 315 ученици организирани во 23 паралелки.

Подрачното училиште во село Боровец е деветгодишно основно училиште Во учебната 2023/2024 година во училиштето настава посетуваат 65 ученици организирани во девет паралелки .Наставата се изведува во две смени на македонски наставен јазик.Во подрачното училиште во село Ташмаруништанастава од прво до петто одделение посетуваат 5 ученици организирани во една комбинирана паралелка.Просторните услови со кои располага училиштето ги задоволуваат потребите за изведување на настава.

Во училиштето вработени се вкупно 101 лице од кои 79 наставници, 6 стручни соработници(педагог,психолог,дефектолог) воспитувач,администратор директор, заменик директор, 12 помошен технички персонал . Од наставниц/ите , 67 се на неопределено работно време и 15 на определено работно време. 74 со високо образование, 4 со вишо образование и 1 несоодветен наставен кадар согласно нормативот за наставен кадар.

Училиштето располага со:40 училници, 3 опремени кабинети ,училишна библиотека
Затоплувањето е на со парно греење на нафта во централното и во подрачното училиште во село Боровец, додека во подрачното училиште во село Ташмаруништа затоплувањето е на дрва.

Централното училиште располага со спортска сала и со асфалтиран спортски терен за реализирање на настава по ФЗО исто така и во подрачното училиште во село Боровец располагаат со асфалтиран спортски терен.

Во училиштето има видео надзор кој се спроведува според донесен правилник

Санитарните јазли и останатите простории ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Хигиената во училиштето е добра. Наставниците ги користат расположивите просторни капацитети, училиштето нема распоред за користење на капацитетите и нема план за целосна искористеност на просторот.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Постоечките наставни средства и технички помагала им се достапни на располагање на наставниците за потребите за наставата. Поголемиот дел од наставниците редовно ги користат.

Училиштето располага со библиотека со фонд од 3954 примероци од училишни и научни книги на македонски и албански јазик, . Како лектирни изданија има 1570 наслови на македонски јазик и 869 наслови наалбански јазик. 295 стручна литература на македонски јазик и 72 стручна литература наалбански јазик.енциклопедии ,атласи и сликовници за подршка на наставата.

Библиотечниот фонд се зголемува во границите на можностите и со спонзорства но сепак се јавува недостаток од лектирни изданија..

Библиотечната евиденција се води уредно во пишана форма и електронски.

Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Во училиштето вработени се вкупно 101 лице од кои 79 наставници, 6 стручни соработници(педагог,психолог,дефектолог) воспитувач,администратор директор, заменик директор, 12 помошен технички персонал, 74 со високо образование, 4 со вишо образование и 1 несоодветен наставен кадар согласно нормативот за наставен кадар.
Наставниците работат во рамките на стручните активи и водат записничка книга.

При распоредувањето на наставниците во предвид се земаат квалитетите, искуството и оспособеноста за исполнувањето на целите на наставата. Училиштето особено внимание посветува и при ангажирањето на наставен кадар како замена за времено отсутните наставници.

Училиштето има стручна служба која работи според сопствена програма за работа која соработува и има индивидуални средби со наставниците за ефикасно проучување и планирање на воспитно-образовните содржини, учествува на семинари организирани од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието и организира работилници на ниво на училиштето.

Стручната служба во својата програма планира и спроведува и активности за работа со учениците, наставниците и родителите.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој.

Во идентификувањето на потребите непосредно се вклучени наставниците, стручните активи, стручната служба и раководниот орган. Се спроведува одредена постапка за идентификување и утврдување на приоритетите за професионален развој на наставниците.

Покрај обезбедувањето на финансиски средства за професионален развој на наставниците преку учество на семинари кои се организираат надвор од училиштето, училиштето вложува напори за професионален развој на наставниците и преку организирање на работилници и нагледни часови во рамките на училиштето.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

Наставниците континуирано ги евидентираат реализираните обуки во педагошките картони.

Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата и разговорите со членовите на Училишниот одбор се констатира дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор.

Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот.

Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето.

Раководниот орган познава механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства по пат на донации и спонзорства.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

### 7. 1 Управување и раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 7 членови, од кои 3 претставници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителите и 1 претставник од основачот. Во работата на училишниот одбор учествува и претставник на училишниот парламент без право на глас.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во деловникот за работа број 02-189/2 од 01.07.2022 година. Состаноците се

одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

За својата работа и одлуките кои ги носи училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето. Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата.

### 7. 2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и прецизно дефинирани во Планот за развој на училиштето, а се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурните услови во училиштето.

Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето се вклучени и активно учествуваат наставниците, родителите и учениците во реализацијата. Истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и подобрување.

## Наоди и препораки

### 8. 1 Силни страни

- Во училиштето постои добра клима за работа помеѓу наставниците и учениците.
- Координирана и континуирана соработка меѓу управувачката и раководната структура.
- Инфраструктурата на училиштето е безбедна
- Отвореност на училиштето за комуникација и соработка со родителите и локалната заедница.
- Добра и безбедна средина за учење
- Раководниот орган добро раководи со училиштето и во работата има подршка од најголемиот број на субјекти во него.

## 8. 2 Слаби страни

- Не е извршена дезинфекција ,дезинсекција и дератизација во училиштето.
- Не постоење на услови за движење на ученици со телесни пречки
- Недоволно се истакнуваат трудовите на учениците
- Училиштето нема веб страна

## 8. 3 Препораки

- Да се направат напори да се изврши дезинфекција ,дезинсекција и дератизација.
- Создавање на услови за непречено движење на ученици со телесни пречки
- Да се врши истакнување на трудовите на учениците
- Училиштето да креира веб страна

Нермина Карагоска, раководител на инспекцискиот тим ___________________

Амдин Рушај ,инспектор,член ___________________

Бошко Стефаноски, инспектор, член ___________________